# Човекот не е болнички упат!

Починатиот академски сликар ТОМО ВЛАДИМИРСКИ, веројатно, никогаш во својот живот не верувал дека луѓето умеат да бидат така безмилосни, така бесчувствителни и бездушни како во неговите последни мигови од животот што ѝ го посвети на уметноста подарувајќи ѝ на Македонија дела со највисока уметничка вредност. Кога би била жива и Радика, таа негова незаборавна убавица, би заплакала над неговата судбина. Би зашумеле потивко од обично нејзините бранови, посилно од заспаната совест и душа на еден сообраќаен милиционер, на повеќемина граѓани, службеници во Брза помош и во Клиниката за интерни болести.

Да се умре не е ништо ново и необично. Но, да се стои бесчувствително додека човекот умира а без да се мрдне со малото прсте, тоа не му е својствено на нашиот човек. Нè трогнува нешто длабоко, колку болката по човекот, толку нехуманоста што ја забрза неговата смрт. Затоа прашањето се наметнува само и енергично: откаде таа деградација на најблагородното во човека? Откаде тој „сон" на нечија совест?

Овојпат починатиот се вика: ТОМО ВАДИМИРСКИ. Во понеделникот претпладне тој во својата кола „Ами 8" добил силен напад на болеста од која боледуваше подолго време. Немоќен, паднал врз воланот. Возилото застанало и предизвикало застој на сообраќајот. Дежурниот сообраќаец „пламнал": без да види зошто човекот зад воланот го „парализирал" сообраќајот, ги покажува своите гласовни „способности", а потоа со помош на три момчиња, го „расчистува" теренот. „Опасниот" автомобил е отстранет од патот, граѓаните се незаинтересирани, човекот страда. Потоа доаѓаат ДРАКУЛОВСКА, МИЛЕ ФИЛИПОВСКИ и МИЛИВОЕ СТОЈМЕНОВИЌ, кои, со судни маки го префрлуваат Владимирски во Градската болница. Тука поради недоразбирање со едно медицинско лице, болниот не бил примен на лекување, односно давање итна медицинска помош. Потоа тројцата луѓе побарале интервенција од Брза помош. Тука и на Клиниката за интерни болести ВЛАДИМИРСКИ не бил прифатен поради една формалност, која се покажала кобна. „Немате болнички упат. Без него ништо не можеме да сториме" — тоа била „хуманоста" на луѓето во бело. Без упат неможе в болница, но може во смрт.

Вчудоневидени и револтирани ние се прашуваме: „Каде е во случајов лекарската етика, тој синоним за луѓето во бело, без што не може ни да се замисли живното човечко постоење? Никој не може да не убеди дека упатот, таа неопходна виза за прием во клиниките, смее да биде поскап од човечкиот живот, непремостива пречка на човекот до потрагата за спас. Зашто, човекот не е болнички упат, тој е нешто немерливо со една формалност!